**27 февруари, 2015 г. – Договор за експлоатација на минерални ресурси потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и “Sardich MC”**




*15 декември, 2014 г.* Претставници од Министерството за економија придружени од овластени лица на “Sardich MC” ја посетија територијата под концесија. По инспекцијата на наоѓалиштето „Казандол“, овластените лица составија Записник врз чија основа Министерството за економија поднесе барање за добивање на официјално мислење за концесионерскиот проект на "Sardich MC" до Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до други владини институции.

*02 февруари, 2015 г.* По прегледувањето на сите добиени позитивни мислења, Владата на Република Македонија ја усвои Одлуката за доделување концесија за експлоатација на минерални ресурси при наоѓалиштето „Казандол“[1] и со тоа овластувајќи го Министерството за економија да го потпише договорот со “Sardich MC” во согласност со соодветните законски прописи на Република Македонија.

*27 февруари, 2015 г.* Врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија, Министерот за економија г. Беким Незири го потпиша договорот со “Sardich MC” за доделување концесија за експлоатација на минерални ресурси при наоѓалиштето „Казандол“[2].

---

[1] Одлука за доделување концесија за експлоатација на минерални ресурси – бакар, злато и сребро на компанијата за експлоатација, преработка и производство “Sardich MC” ДООЕЛ извоз-увоз Скопје, при локалитетот „Казандол“, општини Валандово, Богданци и Дојран (Службен весник на Република Македонија 17/15 од 5 февруари, 2015 г.).

[2] Договор за концесија за експлоатација на минерални ресурси – бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол“, општини Валандово, Богданци и Дојран.